овој план, покажуваат дека музеите, како специфични културни образовно-воспитни и медиумски организации, но се користат како едукативни установи, а нивните изложбени поставки како еден вид учебници односно лекции за одредени историски настани и процеси.

ПОСЕБНО ВНИМАНИЕ заслужува издавачката дејност на музеите. За разлика од претходните години, кога оваа дејност бележеше видни резултати во објавувањето на постојни публикации, зборници и друг вид музејски гласила, во последните години се одликува со осетно намалена продукција и нередовно издавање и на постојните музејски публикации, а неколку години не излегуваат „Музејскиот гласник" и „Весникот" на Друштвото на музејските работници на СР Македонија. Во оваа смисла, посебно заостанува објавувањето на резултатите од истражувањето и проучувањето на одделни научно-истражувачките проекти, музејските збирки, фондови и предмети, како и лични прилози на музејските работници во стручните списанија или на страниците на дневно-информативните весници и воопшто за проблематиката и постигнувањата на музејската дејност кај нас и во светот.

Во рамките на овие основни функции на музеите, секако се подразбира и нивната поврзаност со средствата за јавно информирање. Заради надминување на присутните слабости и недоследности на овој план, што кај музејските работници со право се нарекува „музејска затвореност и зачмаеност", потребно е музеите да се ангажираат за изнаоѓање на нови форми и содржини за широко отворање спрема надворешниот свет. Со ваквиот начин не само што се остварува основната воспитно-образовна функција на музејот, туку со помошта на овие медиуми како првостепени пропаганди средства, се овозможува музејските информации и актуелности да бидат присутни во сите средини. Тоа е основен предуслов за анимирање на потенцијалните посетители и соработници односно создавање на „музејска публика", што во оваа дејност не можеме да се пофалиме дека ја имаме доволно.

Состојбите во музејската дејност, како и разновидните активности што ги преземаат музеите во афирмацијата на музејското дело и надминувањето на присутните слабости и и наталожени проблеми, јасно укажуваат на мошне сложените проблеми со кои се соочуваат музеите во сегашниот развој на своето функционирање. Општа е оценката дека остварените резултати во оваа дејност не соодветствуваат на сегашниот степен на развој, бројот на музејските организации, кадровскиот потенцијал и воопшто на создадените услови од страна на општествената заедница. Надминувањето на пројавените слабости во оваа област бараат постојано и поодговорно ангажирање на музејските работници и понепосредно и координирано пристапување на сите надлежни органи, организации и заедници. Се разбира дека основни носители во извршувањето на програмираните активности и во правовременото дејствување за разрешување на проблемите кои ги притискаат музеите, треба да бидат самите музејски работници и да не се потпираат на досегашните сфаќања дека дејноста треба да ја уреди некој друг, надвор од музејските организации. Остварените резултати на овој план треба да бидат основен поттик за нивно постојано и поангажирано дејствување и доследно извршување на општествената улога што заедницата им ја доверила во чувањето, заштитата и презентацијата на нашето непроценливо, движно културно, историско, уметничко и природно богатство.

**Д-р Ѓорѓе Миљковиќ:**

# Заштита, обезбедување услови за чување на музејскиот материјал и негово користење

ПРАШАЊЕТО ЗА заштитата и чувањето на музејскиот материјал старо е колку и историјата на музеите во нивната институционална смисла. Да го спомнам податокот дека уште во 1162 година во Рим е донесен едикт во кој пишувало: „Трајановиот столб не смее никогаш да биде уништен ниту оштетен и мора да биде чест на римскиот народ сè додека постои светот"[1] Овој текст може да се смета за прв документ за заштитата на спомениците на културата, а музејскиот материјал, само заради потоетување, може да го има тоа својство, регулирано со Законот за музејската дејност од 1979 година.

Денес во македонските музеи се чуваат 362.935 движни предмети и документи со археолошка, историска, социолошка, етнолошка, природонаучна, уметничка, техничка и друга вредност од значење за науката, уметноста, културата и просветата, со депоа од 4.030 $м^2$. Овие податоци се објавени во деветиот месец од 1986 година.[2] За разлика од оние податоци што ни беа презентирани на

нашето последно видување од пред осум години: 406.990 предмети и документи и, со депоа од 5.079 $m^3$. Спротивните податоци нека бидат предизвик за расправа!

За жал, се уште можеме да ја сметаме за актуелна констатацијата од пред неполни две години: „Чувањето на музејски материјал речиси во сите музеи (освен во Скопје) е несоодветно и ниту одблиску не ги задоволува најелементарните стандарди на музеологијата".[4]

Заштита на музејскиот материјал, нивно чување и користење е комплексно прашање за кое би можеле да расправаме на некое посебно видување.

Временски, прашањето за заштита на музејскиот материјал го имам поделено на заштитата во случај на војна, којашто претставува посебна тема и за која имаме расправано на повеќе средби, и во мирот.[5] Во мирот заштитата ја имам поделено, на физичката заштита, (пожари, елементарни непогоди, кражби итн.) и на „здравствена", односно на стручната заштита.

Од овој комплекс прашања што поопстојно ја сочинува заштитата на музејскиот материјал се определив компилативно да го поттикнам, секогаш, за жал и денес присутниот проблем за кражбите на нашето движно културно наследство.

Кражбите на предмети со историско-уметничка вредност денес претставуваат своевиден феномен. Тоа е проблем од меѓународен карактер, проблем на сите музеи и галерии во Европа и во светот.

Еве некои показатели.

На заседанието на Генералното собрание на Интерпол што беше одржано пред неколку години во нашата земја, дадена е оценка за вкупниот меѓународен криминал, со која, кражбите на предмети со висока историско-уметничка вредност заземаат второ место, веднаш зад криумчарењото на дрога. Така, од 1978 до 1984 година од Генералниот секретаријат на Интерпол е побарано да упати 1.451 потерница заради пронаоѓање на украдени предмети, што претставува загрижувачка бројка од близу 11.600 раритети.[3]

За бројот на кражбите во нашата земја, посебно во Македонија, зборуваат следниве показатели: за последните пет години во нашата земја се евидентирани 1.627 кривични дела на отуѓување на културните богатства. Од нив, во 742 случаи, предметите биле во општествена сопственост, а во 843 случаи во приватна сопственост. Статистичките податоци покажуваат дека само во 48 отсто случаи таквите кражби биле откриени! Кои објекти биле најповеќе цел на крадците, говорат следните показатели: 431 пат биле ограбени манастири и цркви, 315 пати музеи и галерии, 49 пати археолошки локалитети, а 774 пати други објекти. Евидентирани се повеќе од 70 дела на криумчарење на културни богатства.[7]

Спомнатите показатели недвосмислено покажуваат дека манастирите и црквите доаѓаат на прво место по бројот на ограбувањето од крадците. Заклучокот е сосема реален, кога се знае дека тие се најлошо чувани.

Посебно на удар на криминалците во СР Македонија се познатите манастири и цркви, односно иконите во нив. Од ослободувањето па сè до денес од Македонија се ограбени 1.250 сакрални објекти, од кои исчезнаа близу 400 икони. Во последно време за кражбите дадени се поопстојни и поконкретни показатели.

Од досегашните сознанија, украдените предмети од нашата земја, и одделно од Македонија, се носат во Австрија и во Германија, и тоа во приватни раце каде што ја добиваат својата „вистинска вредност".

Кога говорам за обезбедување услови за заштита на музејскиот материјал пред сè мислам на депои и на постојаните музејски поставки. На бројката од 4.030 или 5.079 $m^2$ што му припаѓаат на депоа, би додал, дека ниту еден македонски музеј нема соодветни депоа со клима-уреди и сигнално-алармни уреди за противпожарна заштита и за заштита од кражба. И, уште нешто, дека депоата треба да бидат пространи, суви, промајни, делумно светли, со определената влажност, температура и чистота, а сè во интерес на заштитата на музејскиот материјал, бидејќи во нив се чува големото мнозинство на тој материјал.

Некои музеи и немаат депоа!

Што се однесува до обезбедување услови за заштита на музејскиот материјал во постојани музејски поставки би се послужил, пак со бројки. Имено, повеќе од 30.000 експонати ги сочинуваат постојните поставки на музеите во Македонија, и претставуваат помалку од една десетина од вкупниот музејски материјал (362.935). Оние музеи што имаат постојани музејски поставки, за жал, сè уште се, како и депоата, без било какви уреди за заштита и други услови за чување на изложените експонати'.

Постојните музејски поставки и музејските збирки, независно дали во објектот се вградени или не алармни уреди[8] не смеат никогаш да останат без надзор на чуварската служба, која е должна да врши секојдневна контрола на изложени експонати.[9]

Мерките на безбедност треба да се спроведуваат перманентно и континуирано, вклучувајќи ги не само оние експонати што се презентирани во постојните музејски поставки, туку и оние оригинални предмети што се наоѓаат во депоата, во конзерваторско-препараторските работилници и на други места во музејскиот објект. Посебно внимание треба да им се посвети на оние предмети што се категоризирани според својата културна, историска и уметничка вредност како споменици на културата.[10]

Посебно би ја истакнал потребата од постоење каталози, регистри и досиеја со фотографии за секој раритетен експонат. Постоењето на таква документација како музејска обврска и должност, може да биде пресудно

во потрага по украдениот предмет, посебно ако се има фотографија, бидејќи на истражните органи повеќе им значи фотос, отколку било каков опис на ограбениот предмет.

Во врска со прашањето, односно проблемот за користење на музејскиот материјал би спомнал дека истиот се користи преку презентирање на времени изложби, постојани музејски поставки, потоа преку отстапување и публикување. Со еден збор тој треба да ѝ е достапен на јавноста, односно на заинтересираните организации на здружениот труд и други самоуправни организации и заедници, научни, просветни и други работници, со цел проучување и публикување, и се користи за воспитно-образовни и културни потреби на работните луѓе и граѓаните.

Досега, колку што мене ми е познато, ниту еден музеј во нашата Република нема донесено нормативен акт за користење на музејскиот материјал, иако е тоа законска об врска. И, прашање, пак за расправа, докаде се музеите со донесувањето на нормативниот акт за стручна документација?

Денес, музеите како културно-образовни институции од посебен општествен интерес, односно музејските работници, имаат сложена и одговорна професионална задача да го чуваат за идните генерации она најубавото и највредното од културното наследство што човекот го создавал во минатото.

Остануваат многу отворени прашања во културно-заштитната дејност, што секако бара ангажирање на сите расположиви сили во зачувувањето на нашето културно наследство.

Мислам дека не е пренагласено ако кажам дека состојбата во заштитата на движните споменици на културата кај нас е алармантна!

ПОСТУЛАЦИЈА:

1. Дефинитивно средување на евиденцијата и валоризирање на движни споменици на културата со стручно обработени регистри.
2. Донесување решенија за утврдување на статусот на споменик на културата и за предавање на привремено чување на оној вид движни културни споменици што не се доволно заштитени на местото на кое сега се наоѓаат.
3. Поострување на одговорноста на имателите на културните добра и на оние субјекти што овозможиле или придонеле кон уништување или оштетувањето на спомениците на културата, односно музејскиот материјал.
4. Реорганизација и зајакнување на реставраторската и конзерваторската дејност ширум републиката, односно да се донесе систем на мерки што ќе овозможат севкупна заштита на спомениците на културата, како општокултурни добра.
5. Рационализација на работи и работни задачи на вработените во македонските музеи.
6. Поставеноста на македонските музеи како организации на здружен труд.
7. Планирањето и меѓусебната усогласеност во извршувањето на одредени функции.

БЕЛЕШКИ

[1] Želimir Koščević, Muzej u prošlosti i sadašnjosti, Muzeologija, 21/77, Zagreb, 26.

[2] „Нова Македонија“, 20. 09. 1986, Скопје, 6.

[3] Музејска дејност во СР Македонија, Скопје, 1980.

[4] „Нова Македонија“, истото.

[5] Zbornik radova, god. V—VI, 1979—80, broj 5—6, Sarajevo, 1981.

[6] Д-р Миљковиќ Ѓорѓе, Крадците пред алармите, „Нова Македонија“, XLIV, 14737, 3 февруари, 1988, Скопје, 8.

[7] Srđan Stojančev, Sveta Trojica na meti lopova, Galaksija, 22, 185.

[8] Davor Ržehek, Signalno-alarmni uređaji za zaštitu muzeja i galerija, Muzeologija, 17 (1975) Zagreb.

[9] Le Sécurité dans les Musees, Paris, 1977.

[10] H. Lavononeriy — A. Hoblecourt, Les techniques de protection des biens culturels on cas de conflit armé, UNESCO, Paris, 1954.

**Златко Теодосиевски:**

# Остварувањето на матичните функции во областа на заштитата на дела од современата ликовна уметност

БИДЕЈЌИ НАЈЧЕСТО употребуваниот збор во оваа прилика ќе биде поимот матичност, односно матична организација — матични функции, воведен не само во Законот за музејската дејност туку речиси и во сите други закони од областа на културата, на почетокот, и сосема накусо, би потсетил на неговото изворно значење односно на оние „пренесени“ толкувања применети во праксата. Едновремено, и на некои отворени прашања, или подобро речено — дилеми, а сето во еден поширок контекст на заштитата на делата од современата ликовна уметност.

Меѓу повеќето значења што во себе ги содржи овој поим, или барем неговиот корен,